# Стандардно радио, стандардно радио со CD, премиум радио (ЕУ), премиум радио без CD (С.А.Д) и премиум радио за Северна Америка

## ПРИРАЧНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ

### Стандардно радио и премиум радио

OMAL215712 ИЗДАНИЕ G7 (MACEDONIAN)

**John Deere GmbH & Co. KG**
**John Deere Werk Mannheim**
**Светско издание**
PRINTED IN U.S.A.

# Вовед

## Предговор

ПРОЧИТАЈТЕ ГО ОВОЈ ПРИРАЧНИК внимателно за да научите како правилно да работите со радио системот. Овој Прирачник за користење може да биде достапен и на други јазици (за нарачки контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема).

ОВОЈ ПРИРАЧНИК ТРЕБА ДА СЕ СМЕТА како составен дел од Вашата машина и треба да остане со машината ако ја продавате.

ЗАПИШЕТЕ ГО ИДЕНТИФИКАЦИСКИОТ БРОЈ НА ПРОИЗВОДОТ (P.I.N.) на предвиденото место во поглавјето Спецификации. Ве молиме точно запишете ги сите броеви. Во случај на кражба, овој број може да биде од витално значење во пронаоѓањето на Вашиот имот. Затоа се препорачува овој број, исто така, да се запише и на друго место.

OULXBER,0002972 -A8-09FEB16-1/1

# Содржина


Страница

**Идентификациски изглед и карактеристики**
Идентификациски погледи ...............................00-1

**Безбедносни и општи информации**
Важни забелешки .............................................05-1
Наменско користење ........................................05-1
Безбедност при транспорт ...............................05-1
Отстранување на отпадот ................................05-1
Основни поставки за радио прием ..................05-1

**Општо работење**
Контроли и инструменти - Радио без CD ........10-1
Контроли и инструменти - Радио со CD ..........10-2
Вклучување/исклучување на радиото ............10-3
Нагодување на јачината на осветлувањето на радиото (ILLUM) ............10-3
Регулирање на јачината на звукот ...................10-3
Придушување на радиото (MUTE) ..................10-4
Вклучување/исклучување на звукот за потврдување (BEEP) ...............................10-4
Поставување на максимална јачина на звукот при вклучување (ONVOL) ............10-4
Поставување на звукот .....................................10-4
Поставување на распределбата на звукот на левата и на десната страна (BAL) .................................................10-5
Поставување на распределбата на звукот на предната и на задната страна (FAD) ................................................10-5
Вклучување/исклучување на јачината на звукот (LD) ................................10-5
Враќање на поставките за звукот на почетно ниво .................................................10-5

**Работа на радиото**
Поставки на радио приемникот .......................15-1
Име на станицата .............................................15-2
Започнување на режимот на радиото .............15-2
Вклучување/исклучување на RDS функциите .....................................................15-2
Избор на брановиот појас/ниво на меморија ..15-3
Поставување на станица ..................................15-3
Осетливост на функцијата за барање .............15-3
Запомнување на станицата .............................15-4
Бирање на зачуваните станици .......................15-4

Страница

Преглед на зачуваните станици (PRSTSCAN) ................................................15-4
Скенирање на браново подрачје за достапни станици (BANDSCAN) ..................15-5
Вид на програмата (PTY) .................................15-5
Намалување на високите тонови кога има пречки (HCUT) ...............................15-5
Поставување на функциите на копчињата (KEY PRG) .................................15-6

**Сообраќајни информации (само за Европа)**
Сообраќајни информации (само за Европа) ..20-1

**Екстерни аудио извори**
Екстерни аудио извори .....................................25-1

**Работа со CD (само кај стандардно радио со CD и премиум радио)**
Користење на CD то (општи информации) .....30-1
Активирање на CD режимот ............................30-1
Вадење на CD-то ..............................................30-1
Ракување со CD уредот (функции за репродукција) ................................................30-2

**Работа со MP3 (само Премиум радио)**
Работа со MP3 (Општи информации) .............35-1
Составување на MP3 CD .................................35-2
Составување на USB носачот на податоци ....35-3
ID3 ознаки ........................................................35-3
Активирање на MP3 режимот од ЦД-то ..........35-3
Приклучување на USB носачот на податоци и активирање на MP3 режимот ...35-3
Вклучување/исклучување на лизгачки информации за песна(SCRL) .......35-4
Репродукција на MP3 или WMA датотеките ...35-5

**Работа со Bluetooth® (само Премиум радио)**
Bluetooth® работење, општи информации .....40-1
Поставки Bluetooth® .........................................40-1
Вклучување/исклучување на функциите на Bluetooth® (BT MODE) ..........40-2
Избирање на видот на врската (CON-TYPE) и уредот за спојување (BT-PAIR) ....................................40-2


**Продолжува на следната страница**

*Оригинални упатства. Сите информации, илустрации и спецификации наведени во овој прирачник се базирани на најновите информации кои се достапни во времето на издавањето. Го задржуваме правото на измени во било кое време без претходна најава.*


COPYRIGHT © 2017
John Deere GmbH & Co. KG Mannheim Regional Center
Zentralfunktionen
All rights reserved.
A John Deere ILLUSTRUCTION ™ Manual
Previous Editions
Copyright © F7

Страница

Тековно поврзани Bluetooth® уреди (BT-JOIN)......................................................40-2
Пренесување и пристапување до податоци од именик.....................................40-3
Примање и упатување на повици....................40-3
Репродукција на аудио датотеките (BT AUDIO)...................................................40-4

**SiriusXM® сателитски прием (само Премиум радио за Северна Америка)**

SiriusXM™ радио, Општи информации...........45-1
Прикажување на XM серискиот број ...............45-1
XM режим на радиото......................................45-1
Започнување на XM режимот на радиото.......45-1
Избирање на XM појасот (ниво на меморијата)..................................................45-2
Избор на XM канали ........................................45-2
Зачувување на XM каналите............................45-2
Бирање на складирани XM канали .................45-2
Вклучување/исклучување на режимот за категорија на XM канал (CAT) ..................................................45-2
Бирање на категорија на XM канал.................45-2
Поставување на функциите на копчињата (KEY PRG).................................45-3
Податоци за системот .....................................45-3

**Спецификации**

Спецификации ..................................................50-1
Идентификацискиот број на производот и сериски број на SiriusXM®....50-1
Пораки за грешки и дефекти............................50-2
Декларација за сообразност............................50-3

## Идентификациски погледи



LX272576 —UN—09FEB16

*Стандардно радио*



LX272570 —UN—09FEB16

*Стандардно радио со CD читач*



LX272572 —UN—09FEB16

*Премиум радио (EU)*

| **Главни карактеристики:** | **Радио** | **Приклуч-ување на надворешни уреди** | **CD** | **CD, MP3/WMA** | **USB** | **Bluetooth®** | **SAT Радио** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стандардно радио | X | X | | | | | |
| Стандардно радио со ЦД (CD) читач | X | X | X | X | | | |
| Премиум радио (EU) | X | X | X | X | X | X | |
| Забелешка: Прикажаните слики се од “второ издание” на радиа со светол текст на темна позадина. Радиата од “прво издание” имаат различен екран со темен текст на светла позадина. | | | | | | | |

**Продолжува на следната страница** OULXBER,00029BA -A8-10FEB16-1/2




*Премиум радио без CD (САД)*




*Премиум радио систем за Северна Америка*

| **Главни карактеристики:** | **Радио** | **Приклучување на надворешни уреди** | **CD** | **CD, MP3/WMA** | **USB** | **Bluetooth®** | **SAT Радио** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Премиум радио без CD (САД) | X | | | | | X | XM-спремно |
| Премиум радио систем за Северна Америка | X | X | X | X | X | X | X |
| Забелешка: Прикажаните слики се од “второ издание” на радиа со светол текст на темна позадина. Радиата од “прво издание” имаат различен екран со темен текст на светла позадина. | | | | | | | |

OULXBER,00029BA -A8-10FEB16-2/2

## Важни забелешки

**Прирачник за работа:** Внимателно прочитајте го овој прирачник за ракување и запознајте го радиото пред да почнете да работите со него. Чувајте го прирачникот во возилото за да и подоцна го користите.

**Инсталациона забелешка:** Радио апаратите со CAN врска се поврзани со електрониката која што е вградена во возилото. Таквото радио мора да го активира сервисер на John Deere пред употреба во друго возило. Во спротивно, нема да работи.

**Радио фреквенции (радиоприемни подрачја):** Кога радиото е вградено на терен, тогаш сервисерот мора да обезбеди приемникот да е усогласен на регионалниот приемен фреквенциски појас. Во спротивно, не се примаат некои радио станици и сервиси.

OULXBER,00029BB -A8-09FEB16-1/1

## Наменско користење

Радиото е дизајнирано за ракување во комунално возило со систем за напојување од 12 волти и вградување во единечен отвор со DIN стандард.

OULXBER,00029BC -A8-09FEB16-1/1

## Безбедност при транспорт

**ВНИМАНИЕ: Безбедноста при транспорт има највисок приоритет. Користете го радиото само ако сообраќајните услови и ситуацијата во текот на возењето ви овозможуваат тоа да го правите. Запознајте се со радиото пред возењето на возилото. Изберете соодветна гласност во текот на возењето.**

**ВНИМАНИЕ: Не дозволувајте радиото да го попречува работењето. Исклучете го радиото кога извршувањето на процедурата го бара целото Ваше внимание.**

**ВНИМАНИЕ: Јачината на гласот соодветно нагодете ја за да бидете во состојба да ги слушнете звучните сигнали за опасност од полицијата, противпожарните и амбулантните возила.**

**ВНИМАНИЕ: Ако јачината на гласот е преголема, може да дојде до оштетување на слухот.**

OULXBER,00029BD -A8-09FEB16-1/1

## Отстранување на отпадот

Не го фрлајте Вашиот стар радио апарат во куќниот отпад!

Користете ги достапните системи за враќање и собирање за да го отстраните Вашиот стар радио апарат.

OULXBER,00029BE -A8-09FEB16-1/1

## Основни поставки за радио прием

**ВАЖНО: Радио приемникот мора да биде прилагоден на специфичните бранови подрачја на земјата (радиоприемни подрачја). Доколку брановите подрачја (радиоприемни подрачја) не се поставени правилно, може да биде невозможен приемот на било која од радио станиците.**

**Вообичаено, радиото претходно е правилно поставено при испораката. Во ретки случаи, сепак, може да е неопходно да се направат поставки одново. Видете за “Поставки на радио приемник” во делот 15, “Ракување со радио”.**

OULXBER,00029BF -A8-09FEB16-1/1

## Контроли и инструменти - Радио без CD




LX272574 —UN—09FEB16

| Локација | Ознака | Функција |
|---|---|---|
| 1 | Контрола на јачината на звукот | |
| 2 | BND | Притиснетекратко за да гоизберетенивото на меморија или брановото подрачје. |
| | | Притиснете и задржете за да ја активирате функцијата за пребарување и меморирање. |
| 3 | Копче за вклучување и исклучување | Притиснете кратко за да го вклучите радиото |
| | | Во текот на работењето, кратко притиснете за да го исклучите звукот од радиото |
| | | Притиснете и задржете за да го исклучите радиото |
| 4 | Приказ | Променете го екранот |
| 5 | Мени | Повикување на менито за основните поставки |
| 6 | Повеќенаменски преклопник | Движење по екранот и префрлување на функциите |
| 7 | AUD копче | Притиснете кратко за да го отворите менито за тон за да прилагодите ниски, средни и високи тонови, балансот, намалувањето* и гласноста |
| | | Притиснете и задржете за да ги вратите фабричките поставки на звукот (високи и ниски тонови само за аудио изворот којшто моментално се користи). |
| 8 | Копчиња 1 - 6 | Копчиња за радио станиците |
| 9a | TA копче | Страндардно радио (глобална верзија):<br>Префрлување од корисничкото и од аудио менијата назад на моменталниот извор.<br>Излез од функциите за радио пребарување.<br>Вклучување/исклучување на приоритетот за соопштенија за сообраќајот.<br>Откажување на соопштенијата за сообраќајот додека функцијата трае (само за Европа). |
| 9b | Bluetooth® копче | Премиум радио без CD (само за САД):<br>Вклучување или исклучување на Bluetooth® функцијата |
| 10 | SRC копче | Избор на изворот меѓу радиото и AUX |

*Намалувањето единствено е возможно кога се приклучени предни и задни звучници.

OULXBER,00029C0 -A8-11FEB16-1/1

## Контроли и инструменти - Радио со CD




LX272575 —UN—09FEB16

| Локација | Ознака | Функција |
|---|---|---|
| 1 | Контрола на јачината на звукот | |
| 2 | BND | Притиснетекратко за да гоизберетенивото на меморија или брановото подрачје. |
| | | Притиснете и задржете за да ја активирате функцијата за пребарување и меморирање. |
| 3 | Копче за вклучување и исклучување | Притиснете кратко за да го вклучите радиото |
| | | Во текот на работењето, кратко притиснете за да го исклучите звукот од радиото |
| | | Притиснете и задржете за да го исклучите радиото |
| 4 | Копче за вадење на ЦД диск | |
| 5 | Отвор за ЦД | |
| 6 | Приказ | Променете го екранот |
| 7 | Мени | Повикување на менито за основните поставки |
| 8 | Повеќенаменски преклопник | Движење по екранот и префрлување на функциите |
| 9 | AUD копче | Притиснете кратко за да го отворите менито за тон за да прилагодите ниски, средни и високи тонови, балансот, намалувањето* и гласноста |
| | | Притиснете и задржете за да ги вратите фабричките поставки на звукот (високи и ниски тонови само за аудио изворот којшто моментално се користи). |
| 10 | Копчиња 1 - 6 | Копчиња за радио станиците |
| 11 | TA копче | Префрлување од корисничкото и од аудио менијата назад на моменталниот извор. Излез од функциите за радио пребарување. Вклучување/исклучување на приоритетот за соопштенија за сообраќајот. Откажување на соопштенијата за сообраќајот додека функцијата трае (само за Европа). |
| 12 | SRC копче | Избор на изворот меѓу радиото и AUX (во зависност од моделот, исто така, од USB и XM) во случај кога медиумот е вметнат или приклучен и вклучен. |

*Намалувањето единствено е возможно кога се приклучени предни и задни звучници.

OULXBER,00029C1 -A8-10FEB16-1/1

## Вклучување/исклучување на радиото

Постојат неколку можности за вклучување или исклучување на радиото.

**Вклучување/исклучување со користење на копчето за вклучување/исклучување**

| | |
|---|---|
| Вклучување | Притиснете го копчето за вклучување/исклучување |
| Исклучување | Притиснете го и задржете го копчето за вклучување/исклучување подолго од 2 секунди |

**Вклучување/исклучување со користење на контактниот клуч**

| | |
|---|---|
| Вклучување (вклучен контакт)<br>Исклучување (контактот е исклучен) | Радиото автоматски се исклучува кога контактниот клуч се извлекува. Во овој случај, радиото исто така автоматски се вклучува кога контактниот клуч се вклучува. |

*ЗАБЕЛЕШКА: Радиото може да се вклучи со користење на копчето за вклучување/исклучување и кога контактот е исклучен. Потоа, радиото автоматски се исклучува по истекувањето на претходно поставеното време за да се зачува акумулаторот на возилото (погледнете: "Поставување на времето за исклучување" во ова поглавје).*

**Поставување на времето за исклучување (ЧАС)**

1. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
2. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **HOUR** и поставувањето на сегашното време.
3. Свртете го копчето за регулирање на јачината на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да го поставите времето на исклучување од 1 до 60 минути.
4. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

OULXBER,00029C2 -A8-09FEB16-1/1

## Нагодување на јачината на осветлувањето на радиото (ILLUM)

*ЗАБЕЛЕШКА: Ова поставување ќе се користи кога автоматското прилагодување на осветлувањето кај возилото не е достапно.*

*Како резултат на промените кај позадинското осветлување, менито ILLUM е секогаш достапно и се користи кога CAN bus-от не е активен, на пример кога радиото е вклучено во часовен режим.*

Во случај да осветлувањето кај инструментите не се прилагодува автоматски, овие поставки може да се направат рачно во менито ILLUM. За да го направите тоа, направете го следново:

1. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
2. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **ILLUM** и тековните поставки.
3. Свртете го копчето за регулирање на јачината на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да ја нагодите осветленоста од -5 (минимум) до +5 (максимум).
4. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

OULXBER,00029C3 -A8-10FEB16-1/1

## Регулирање на јачината на звукот

Јачината на звукот може постепено да се нагодува од 0 (исклучено) до 32 (максимум).

**Регулирање на јачината на звукот**

| | |
|---|---|
| Зголемување на јачината на звукот | Копчето за јачина на звукот завртете го во насока на стрелките на часовникот |
| Намалување на јачината на звукот | Копчето за јачина на звукот завртете го во насока обратна од насоката на стрелките на часовникот |

*ЗАБЕЛЕШКА: Радиото нема да се вклучи кога гласноста е на 0, дури и ако тоа било исклучено со гласноста на 0.*

OULXBER,00029C4 -A8-10FEB16-1/1

## Придушување на радиото (MUTE)

Со кратко притискање на копчето за вклучување/исклучување (3) се придушува радиото. Звукот е потполно прекинат. Со повторно притискање на копчето за вклучување/исклучување, звукот се враќа на последната нагодена јачина.

**Придушување на радиото**

| | |
|---|---|
| Активирање на функцијата за придушување (исклучување на звукот) ................................ | Кратко притиснете го копчето за вклучување/исклучување |
| Деактивирање на функцијата за придушување (вклучување на звукот) ................................ | Повторно кратко притиснете го копчето за вклучување/исклучување, или завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока |

*ЗАБЕЛЕШКА: Функцијата за придушување се поништува ако возилото се рестартира. Исто и ако радиото се исклучи и повторно се вклучи, дури и без рестартирање на возилото.*

OULXBER,00029C5 -A8-10FEB16-1/1

## Вклучување/исклучување на звукот за потврдување (BEEP)

После некои постапки (на пример, притискање и држење на копче), се слуша звучен сигнал за потврда. Овој звучен сигнал за потврда може да биде исклучен.

1. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
2. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **BEEP** и тековните поставки **ON (вклучено)** или **OFF (исклучено)**.
3. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да промените од ON (вклучено) на OFF (исклучено), или обратно.
4. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

OULXBER,00029C6 -A8-09FEB16-1/1

## Поставување на максимална јачина на звукот при вклучување (ONVOL)

Максимална јачина на звукот при вклучување на радиото може да се постави во менито **ONVOL**. Во основа, се користи последната избрана јачина на звукот при вклучувањето на радиото, освен ако тоа поставување е над максималната јачина на звукот при вклучување. Во тој случај се користи максималната јачина на звукот.

*ЗАБЕЛЕШКА: Максималната јачина на звукот при вклучување може да биде поставена од 5 до 25.*

1. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
2. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **ONVOL** и тековните поставки.
3. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да ја поставите максималната јачина на звукот при вклучување од 5 до 25.
4. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

OULXBER,00029C7 -A8-09FEB16-1/1

## Поставување на звукот

### Поставување на ниски (BASS) и на високи тонови (TREB)

1. Притиснете го копчето **AUD** за да го отворите менито за поставување на звукот.
2. Притиснете го неколку пати копчето **AUD** сè додека не се прикаже **BASS** или **TREB** и тековните поставки.
3. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да ја поставите вредноста од +7 до -7.
4. Притиснете го неколку пати копчето **AUD** за да излезете од менито.

### Поставување на средни тонови (MID)

1. Притиснете го копчето **AUD** за да го отворите менито за поставување на звукот.
2. Притиснете го неколку пати копчето **AUD** сè додека не се прикаже **MID** и тековните поставки.
3. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да ја поставите вредноста од +7 до -7.
4. Притиснете го неколку пати копчето **AUD** за да излезете од менито.

OULXBER,00029C8 -A8-09FEB16-1/1

## Поставување на распределбата на звукот на левата и на десната страна (BAL)

1. Притиснете го копчето **AUD** за да го отворите менито за поставување на звукот.
2. Притиснете го неколку пати копчето **AUD** сè додека не се прикаже **BAL** и тековните поставки.
3. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да ја поставите вредноста од +10 до -10.
4. Притиснете го неколку пати копчето **AUD** за да излезете од менито.

OULXBER,00029C9 -A8-09FEB16-1/1

## Поставување на распределбата на звукот на предната и на задната страна (FAD)

Ова прилагодување е достапно само на возилата со предни и задни звучници.

1. Притиснете го копчето **AUD** за да го отворите менито за поставување на звукот.
2. Притиснете го неколку пати копчето **AUD** сè додека не се прикаже **FAD** и тековните поставки.
3. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да ја поставите вредноста од +10 до -10.
4. Притиснете го неколку пати копчето **AUD** за да излезете од менито.

OULXBER,00029CA -A8-10FEB16-1/1

## Вклучување/исклучување на јачината на звукот (LD)

Активирањето на засилувањето на јачината на звукот, го подобрува звукот. Односот на ниските и високите тонови е променет за да се постигне рамномерно ниво на звукот дури и при ниска јачина на звукот. Не се препорачува вклучување на засилувачот на звукот при висока јачина на звукот.

1. Притиснете го копчето **AUD** за да го отворите менито за поставување на звукот.
2. Притиснете го неколку пати копчето **AUD** сè додека не се прикаже **LD** и тековните поставки **ON (вклучено)** или **OFF (исклучено)**.
3. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да промените од ON (вклучено) на OFF (исклучено), или обратно.
4. Притиснете го неколку пати копчето **AUD** за да излезете од менито.

OULXBER,00029CB -A8-09FEB16-1/1

## Враќање на поставките за звукот на почетно ниво

Сите поставки на звукот може да бидат вратени фабричките поставки.

1. Притиснете го копчето **AUD** за да го отворите менито за поставување на звукот.
2. Притиснете го неколку пати копчето **AUD** сè додека не се прикаже **RESET N**.
3. Копчето за јачина на звукот завртете го во насока на стрелките на часовникот за да го изберете **RESET Y**. По 2 секунди сите поставки на звукот се ресетираат.
4. Притиснете го неколку пати копчето **AUD** за да излезете од менито.

*ЗАБЕЛЕШКА: Притиснете го и задржете го копчето* ***AUD*** *подолго од 2 секунди за да ги ресетирате поставките за звукот само за аудио изворот којшто моментално се користи.*

OULXBER,00029CC -A8-09FEB16-1/1

## Поставки на радио приемникот

**ВАЖНО: Радио приемникот мора да биде прилагоден на специфичните бранови подрачја на земјата (радиоприемни подрачја). Доколку брановите подрачја (радиоприемни подрачја) не се поставени правилно, може да биде невозможен приемот на било која од радио станиците.**




LX203986 —UN—27MAR14

**Изведба на поставки:**

1. Исклучете го радиото.
2. Држете ги копчињата за станиците (1) и (3) истовремено притиснати надолу.
3. Вклучете го радиото; екранот прикажува “SETUP”.
4. Ослободете ги копчињата за станиците (1) и (3).
5. Притиснете го копчето “**Menu**” неколку пати додека не се прикаже тековното браново подрачје. (пр. “EUROPE”, “NAFTA”, “SOTHAMRC”, “MESTAFRC”, “APAC”, “TAIWAN”, “PHILIPIN” or “AUSTRLNZ”).
6. Повеќефункционалното активирачко копче (стрелката крајно десно) може да се користи за промена преку различни бранови подрачја. Изберете го соодветното браново подрачје за земјата во која радиото ќе работи (погледајте ја табелата).
7. Откако е избрано правилното браново подрачје, не правете понатамошни поставки во ова мени; наместо тоа, исклучето го радиото за да ги зачувате изменетите поставки.

| **Држава** | **Браново подрачје (радио приемно подрачје)** | **Држава** | **Браново подрачје (радио приемно подрачје)** |
|---|---|---|---|
| Австрија<br>Белгија<br>Бугарија<br>Швајцарија<br>Република Чешка<br>Германија<br>Данска<br>Естонија<br>Шпанија<br>Финска<br>Франција<br>Велика Британија<br>Северна Ирска<br>Хрватска<br>Унгарија<br>Италија<br>Казакстан<br>Литванија<br>Луксембург<br>Летонија<br>Холандија<br>Полска<br>Португалија<br>Романија<br>Русија<br>Србија<br>Шведска<br>Словачка<br>Турција<br>Украина | ЕВРОПА | Аргентина<br>Боливија<br>Бразил<br>Гвајана<br>Никарагва<br>Уругвај<br>Венецуела | SOTHAMRCA |
| | | Ерменија<br>Етиопија<br>Израел<br>Оман<br>Јужна Африка<br>Замбија | MESTAFRC |
| | | Кина<br>Јапонија<br>Кореа | APAC |
| Канада<br>Доминиканска Република<br>Мексико<br>Соединетите Американски Држави | NAFTA | Австралија<br>Нов Зеланд | AUSTRLNZ |
| Тајван | ТАЈВАН | Филипини | PHILIPIN |

| **Проблем:** | **Решение** |
|---|---|
| Менито за вршење на поставки не се прикажува на екранот. Активен е нормалниот радио режим. | Осигурајте се дека двете копчиња се притиснати во исто време додека радиото е вклучено. |
| Посакуваната земја не се појавува на менито за вршење на поставки. | Тоа е нормално. Само 8 поставки се појавуваат на екранот; секој претставува одреден број на земји. Погледајте ја табелата пред да направите правилен избор. |
| Поставката што е направена не е сочувана. | Радиата поврзани со CommandCenter преку басот CAN автоматски ги прима поставките преку соодветен софтвер. Во овој случај, поставките мора да се направат преку CommandCenter. |
| Екранот на радиото не прикажува ништо. | Проверете дали радиото е подготвено за работа. Проверете дали “функцијата за затемнето светло (DIM)” е вклучена (DIM ON). |

OULXBER,00029CD -A8-11FEB16-1/1

## Име на станицата

Овој радио систем е опремен со RDS радио приемник. Многу FM станици испраќаат сигнал којшто не ја содржи само програмата, туку и други информации како што се името на станицата и видот на програмата (PTY).

Името на станицата се прикажува, ако е примено.

OULXBER,00029CE -A8-10FEB16-1/1

## Започнување на режимот на радиото

Ако радио системот моментално е во друг режим:

- Притиснете го еднаш копчето **BND** или притиснете го повеќе пати копчето **SRC** сѐ додека не се прикаже **RADIO**.

Се прикажува моменталната фреквенција или името на станицата.

OULXBER,00029CF -A8-09FEB16-1/1

## Вклучување/исклучување на RDS функциите

RDS Функциите го прошируваат опсегот на делување на радио системот.

- AF (алтернативна фреквенција): Кога RDS функцијата е активна, радио системот во позадина ја бара најдобрата приемна фревенција на одбраната станица.
- REG (регион): Во одредено време, некои радио станици ја разделуваат својата програма во регионални програми со различна содржина. Кога е активирана функцијата RDS, радио системот нема да се префрли на алтернативните фреквенции кои емитуваат различни програмски содржини.

*ЗАБЕЛЕШКА: Функцијата RDS е вклучена како фабричка поставка. REG мора се вклучува и да се исклучува одвоено преку менито. REG може да се вклучи само кога RDS е вклучен.*

### Вклучување или исклучување на RDS (AF)

1. Изберете го радио режимот (FM појасот на фреквенција).
2. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
3. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сѐ додека не се прикаже **RDS** и тековните поставки **ON (вклучено)** или **OFF (исклучено)**.
4. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да промените од ON (вклучено) на OFF (исклучено), или обратно.
5. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

### Вклучување или исклучување на REG

1. Изберете го радио режимот (FM појасот на фреквенција).
2. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
3. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сѐ додека не се прикаже **REG** и тековните поставки **ON (вклучено)** или **OFF (исклучено)**.
4. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да промените од ON (вклучено) на OFF (исклучено), или обратно.
5. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

*ЗАБЕЛЕШКА: Кога се активирани RDS функциите, тогаш е прикажано RDS.*

OULXBER,00029D0 -A8-10FEB16-1/1

## Избор на брановиот појас/ниво на меморија

Овој радио систем може да прима програми со различен појас на фреквенција (види ја табелата).

- Достапни се три нивоа на меморија за секое од FM брановото подрачје.
- Достапни се две нивоа на меморија за секое од AM/AMT, MW/MWT и LW/LWT брановите подрачја.
- Достапно е едно мемориско ниво за WX брановото подрачје.
- Може да се зачуваат 6 станици на секое од мемориските нивоа.

Притиснете го копчето **BND** за да направите префрлување меѓу брановите појаси и нивоата на меморија.

| **Регион:** | **Бранови појаси:** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **FM** | **AM** | **WX** | **MW** | **LW** |
| **Земји од NAFTA** | X | X | X | | |
| **Европа** | X | | | X | X |
| **Други региони** | X | X | | | |
| Нивоа на меморија: | FM1, FM2, FMT | AM, AMT | WX | MW, MWT* | LW, LWT* |
| *Само за ЕУ | | | | | |

OULXBER,00029D1 -A8-12FEB16-1/1

## Поставување на станица

Постојат два начина за поставување на станица:

- **Автоматско** барање, со користење на ◀и▶копчињата.
  Дополнително погледајте “Осетливост на функцијата за барање” (SENS) во овој дел.
- **Мануелно** барање на станици со користење на ▲и▼копчињата.

Исто така, погледнете “Програмирање на функциите на копчињата (KEY PRG)“ во ова поглавје.

OULXBER,00029D2 -A8-10FEB16-1/1

## Осетливост на функцијата за барање

Оваа функција е важна кога сте на некоја станица.

**Автоматско пребарување**

**Поставување на осетливоста на функцијата за пребарување (SENS)**

1. Изберете го радио режимот.
2. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
3. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **SENS** и тековните поставки **LO** (ниска осетливост) или **DX** (висока осетливост).
4. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да промените од LO во DX или обратно.
5. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

OULXBER,0002A1B -A8-10FEB16-1/1

## Запомнување на станицата

| Регион: | Бранови појаси: | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | FM | AM | WX | MW | LW |
| **Земји од NAFTA** | X | X | X | | |
| **Европа** | X | | | X | X |
| **Други региони** | X | X | | | |
| Нивоа на меморија: | FM1, FM2 | AM | WX | MW | LW |

### Рачно зачувување

1. Изберете го саканото ниво на меморија или брановиот појас.
2. Наместете ја посакуваната станица.
3. Изберете едно од копчињата за станици 1 - 6 за да ја зачувате станицата и потоа притиснете го ова копче и задржете го подолго од 2 секунди.
4. Штом станицата е зачувана на избраното копче, се слуша звучен сигнал за потврда. Местото на зачувување на станицата (на пример P3) се прикажува сè додека станицата е избрана.

### Автоматско зачувување (T-STORE)

*ЗАБЕЛЕШКА: Не е достапно со CommandCenter™ GS 4600 екран. Функционалноста може да се промени преку софтверски ажурирања, прашајте го вашиот овластен трговец.*

Најјаките 6 станици во регионот можат автоматски да се зачуваат. За FM браново подрачје се користи FMT мемориското ниво за зачувување, а за AM браново подрачје се користи AMT мемориското ниво (дополнително MWT и LWT за Европа).

*ЗАБЕЛЕШКА: Станиците кои што веќе се зачувани на ова ниво се заменети со новите пронајдени станици.*

*Ако PTY е вклучена, се зачувуваат само станиците со моментално избраниот вид на програма.*

1. Изберете го саканиот бранов појас.
2. Притиснете го и задржете го копчето **BND** подолго од 2 секунди.
3. Зачувувањето почнува и се прикажува **T-STORE**. По завршувањето на постапката, станиците се запишани на мемориските локации 1 - 6. Ова зачувување е важечко само на мемориското ниво на кое што беше направено зачувувањето (FMT или AMT).

*CommandCenter™ е регистриран заштитен знак на Deere & Company*

OULXBER,00029D3 -A8-10FEB16-1/1

## Бирање на зачуваните станици

1. Изберете го мемориското ниво или брановиот појас.
2. Изберете го копчето за станица 1 - 6 за да активирате една од зачуваните станици.

OULXBER,00029D4 -A8-10FEB16-1/1

## Преглед на зачуваните станици (PRSTSCAN)

Со активирањето на оваа функција, сите зачувани станици од моменталното мемориско ниво се вклучуваат, една по една, приближно по 5 секунди секоја.

### Почеток на пребарувањето

1. Притиснете го копчето ◄ или копчето ►.
2. **PRSTSCAN** кратко се прикажува. Секоја зачувана станица од моменталното мемориско ниво се слуша околу 5 секунди. Истовремено се прикажува избраната фреквенција или името на станицата.

### Завршување на пребарувањето

1. Притиснете го копчето ◄ или копчето ►.
2. Пребарувањето завршува и последната избрана станица останува да се емитува.

OULXBER,00029D5 -A8-10FEB16-1/1

## Скенирање на браново подрачје за достапни станици (BANDSCAN)

*ЗАБЕЛЕШКА: Оваа функција е на располагање само ако BANDSCAN е избран за копчињата ◄ и ► во менито KEY PRG (погледајте “Поставување на функцијата на копчињата“ во ова поглавје).*

**Почеток на пребарувањето**

1. Притиснете го копчето ◄ или копчето ►.
2. **BANDSCAN** кратко се прикажува. Претражени се достапните станици кај тековното браново подрачје. Секоја пронајдена станица се емитува околу 5 секунди. Истовремено се прикажува избраната фреквенција или името на станицата.

**Завршување на пребарувањето**

1. Притиснете го копчето ◄ или копчето ►.
2. Пребарувањето завршува и последната избрана станица останува да се емитува.

OULXBER,00029D6 -A8-10FEB16-1/1

## Вид на програмата (PTY)

Некои FM станици пренесуваат информации за видот на програмата.

**Примери за видови на програма:**
- КУЛТУРА
- ПАТУВАЊЕ
- ВРЕМЕНСКА ПРОГНОЗА
- ЏЕЗ МУЗИКА
- ВЕСТИ
- ПОП МУЗИКА

Со вклучено PTY , може да се бираат само станици со одбран вид на програма. Радиото автоматски менува од тековната станица или од друг режим кон станица од одбраниот програмски вид.

**Вклучување/исклучување на PTY**

1. Изберете го радио режимот.
2. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
3. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **PTY ON (вклучено)** или **PTY OFF (исклучено)**.
4. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да промените од **PTY OFF** во **PTY ON** или обратно.
5. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

**Избор на видот на програмата**

*ЗАБЕЛЕШКА: PTY мора да биде вклучено.*

1. Изберете го радио режимот.
2. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
3. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **PTYTYPE**.
4. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да го изберете видот на програмата.
5. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

**Започнување на PTY пребарување**

*ЗАБЕЛЕШКА: PTY пребарувањето е на располагање само ако PTY е вклучено и ако AUTOSEEK или BANDSCAN е избран за копчињата ◄ и ► во менито KEY PRG (погледајте “Поставување на функцијата на копчињата” во ова поглавје).*

1. Притиснете го копчето ◄ или копчето ► за да започне пребарувањето.
2. Ако се пронајде станица со моментално избраниот вид на програма, ќе почне да се емитува.
3. Ако не се пронајде станица од тој вид на програма, ќе се емитува претходно избраната програма.

OULXBER,00029D7 -A8-10FEB16-1/1

## Намалување на високите тонови кога има пречки (HCUT)

Функцијата HCUT го подобрува квалитетот на звукот кога е лош приемот на радио сигналот. Ако постојат пречки во текот на приемот, нивото на шумот автоматски се намалува.

1. Изберете го радио режимот.
2. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
3. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **HCUT**, и тековните поставки **OFF**, **1** или **2**.
4. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да го наместите или го исклучите HCUT.
5. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

OULXBER,00029D8 -A8-09FEB16-1/1

## Поставување на функциите на копчињата (KEY PRG)

Одредена функција може да се додели со копчињата ◄ и ►.

| Функции | Опис |
|---|---|
| AUTOSEEK (автоматско барање) | Наместува на следната достапна станица |
| MANSEEK (мануелно барање) | Рачно поместува по еден прирастен одделок |
| PRSTSCAN (скенирање на меморирани станици) | Ги скенира сочуваните станици кај моментално избраното мемориско ниво |
| BANDSCAN (скенирање на подрачјето) | Ги скенира достапните станици кај моментално одбраното подрачје |

### Поставување на функциите на копчињата

1. Изберете го радио режимот.
2. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
3. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **KEY PRG**.
4. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да ги менувате различните поставки (видете ја табелата).
5. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

OULXBER,00029D9 -A8-10FEB16-1/1

## Сообраќајни информации (само за Европа)

*ЗАБЕЛЕШКА: Функциите за информации за сообраќајот не се на располагање во земјите на NAFTA.*

*Тие функции не се достапни ни на радиото "Премиум" за Северна Америка.*

*Овие функции се на располагање во режимите CD и AUX, ако е избран FM брановиот појас во режимот на радиото.*

### Вклучување/исклучување на приоритетот за емитување на информации за сообраќајот

Притиснете го копчето **TA** за да го вклучите или исклучите приоритетот за емитување на информации за сообраќајот за сите режими.

Приоритетот за емитување на информации за сообраќајот е активиран ако на екранот се прикажува TA или TP. Кога стигнува соопштение за сообраќајот, тогаш ЦД-то и другите излези се прекинуваат и радиото се префрла на соопштението за сообраќајот. Додека трае соопштението, на екранот се покажува TRAFFIC.

• При излегувањето од подрачјето на пренос на станицата која што емитува информации за сообраќајот, се слуша звучен сигнал, без оглед на изворот на репродукција, и автоматски не може да се пронајде алтернативна станица со информации за сообраќајот.

• Акустичниот аларм се огласува кога се менува станица со сообраќајна информација со станица без сообраќајна информација.

Во двата случаи, или исклучете го приоритетот за емитување на информации за сообраќајот, или изберете станица која што емитува информации за сообраќајот.

### Прилагодување на гласноста на сообраќајните соопшувања

1. Изберете го радио режимот (FM појасот на фреквенција).
2. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
3. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **TA DIFF** и тековните поставки.
4. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да ја поставите вредноста од DIFF 0 до DIFF 10. Бројките го претставуваат обемот на зголемување во однос на избраната јачина.
5. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

*ЗАБЕЛЕШКА: Кога се емитува информација за сообраќајот, јачината на звукот може да се намести во текот на траењето на соопштението со користење на копчето за јачина на звукот.*

### Исклучување на известувањата за сообраќајот

Притиснете го копчето **TA** за да го исклучите тековното соопштение за сообраќајот и да се вратите на претходниот извор на емитување. Приоритетот за емитување на информации за сообраќајот останува вклучен.

OULXBER,00029DA -A8-10FEB16-1/1

## Екстерни аудио извори

Различни на дворешни аудио извори можат да се поврзат преку AUX приклучокот на задната страна на радио. На пример: Преносен ЦД читач, MiniDisc читач, или MP3 читач.

### Активирање на влезот AUX

- Приклучете го надворешниот аудио извор и притиснете го**SRC**копчето во неколку наврати додекане се појави **AUX**на екранот.

*ЗАБЕЛЕШКА: Надворешен аудио извор може да се избере само ако некој аудио уред е приклучен на надворешниот излез AUX.*

### Регулирање на јачината на звукот од влезот AUX

Јачината на звукот на приклучениот надворешен аудио извор може да се постави на јачината на звукот во режимот на радиото.

*ЗАБЕЛЕШКА: Јачината на звукот на влезот AUX може да се регулира само откако овој влез ќе се избере како аудио извор со користење на копчето SRC.*

1. Притиснете го неколку пати копчето **SRC** сѐ додека не се прикаже избраниот аудио извор.
2. Притиснете го копчето **MENU** key. Се прикажува **GAIN** и тековното подесување.
3. Завртете ја контролата за гласност на лево или на десно меѓу -9 и +9, каде што 0-та одговара на поставката за гласност во режимот на радио.
4. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

OULXBER,00029DB -A8-09FEB16-1/1

## Користење на CD то (општи информации)

Со овој радио систем може да се репродуцираат стандардно аудио ЦД, CD-Rs и CD-RWs со дијаметар 12 cm (4.7 in.). Кога самите снимате CD, водите сметка снимањето да не биде направено со брзина поголема од 16x, зашто, во спротивно, може да има проблеми со репродукцијата.

Користете само стандардни аудио CD-a со лого за компактен диск за да обезбедите правилно функционирање. Проблеми со репродукцијата може да се појават кај CD-a заштитени од копирање. Во некои случаи шемата за заштита од копирање на CD-a предизвикува грешки во читањето на "cd" читачот што значи дека CD-то не се чита правилно.

CD уредот може да репродуцира звучни записи од листата со наслови ако такви записи (список на наслови) се меморирани во главниот директориум на CD-то. За повеќе детали околу составувањето на списокот за репродукција, погледнете го описот на софтверот за снимање на ЦД-а.

**ВАЖНО: Ризик од оштетување на ЦД уредот! Не смеата да се користат ЦД-а со дијаметар од 8 см (3 in.) и обликувани ЦД-а (shape CDs).**

**Внимателно ракувајте со ЦД-ата и внимавајте да не се оштетат. Ако можете, фаќајте ги ЦД-ата само по рабовите.**

**Ако е неопходно, ЦД-ата чистете ги со крпа која што не остава влакненца; не користете растворувачи. ЦД-ата секогаш бришете ги кон надворешната страна.**

**Не ги изложувајте ЦД-ата на директна сончева светлина и чувајте ги во соодветни заштитни кутии.**

**Не ставајте етикети на ЦД-ата. Подобро е да ги обележите со соодветно пенкало, достапно во продавниците.**

**Оштетувањата предизвикани со користење на несоодветни или оштетени CD-a не се покриваат со гаранцијата.**

OULXBER,00029DC -A8-10FEB16-1/1

## Активирање на CD режимот

**Ако ЦД-то сè уште не е поставено:**

1. Без употреба на сила, ставете го ЦД-то во отворот за ЦД-а, со отпечатената страна е нагоре. Престанете да турката кога ќе го почувствувате првиот отпор и почекајте ЦД-то да биде вовлечено автоматски. Се прикажува **CD**.
2. ЦД-то почнува да се репродуцира. Се прикажува бројот на тековниот звучен запис (на пр., T12) и времето на репродуцирање.

**ВАЖНО: Не попречувајте или помагајте при извлекувањето на CD-то.**

*ЗАБЕЛЕШКА: Ако радиото е исклучено, а CD-то се вметне, тоа автоматски ќе биде вовлечено, но нема да започне неговото репродуцирање.*

**Ако CD-то веќе е вметнато:**

1. Притиснете го неколку пати копчето **SRC** сè додека не се прикаже **CD**.
2. Репродукцијата ќе започне од местото на које што беше прекината. Ако нема вметнато CD, на кратко е прикажано **CD** и потоа се прикажува **NO CD INSERTED**.

OULXBER,00029DD -A8-10FEB16-1/1

## Вадење на CD-то

*ЗАБЕЛЕШКА: Даденото CD може да се извади кога радио системот ќе се исклучи или додека се пушта звук од друг извор.*

Притиснете го **копчето за вадење на CD-а** за да го извадите CD-то. Кога ЦД-то е извадено, на кратко се прикажува **CD EJECT**. Кога ЦД-то ќе се извади од местото, **CD EJECT** веќе не се прикажува.

**ВАЖНО: Не го попречувајте, ниту насилно не го вадете CD-то.**

*ЗАБЕЛЕШКА: CD-то автоматски повторно ќе се вовлече внатре ако не се извади во рок од 10 секунди.*

OULXBER,00029DE -A8-10FEB16-1/1

## Ракување со CD уредот (функции за репродукција)

| | |
|---|---|
| **Прикажување на изминатото или на преостанатото време за репродукција** | Притиснете го копчето **6** во блокот на копчиња за да го промените прикажувањето на изминатото (ELAPSED) и преостанатото (REMAIN) време на репродукција на моменталниот звучен запис. |
| **Изберете мелодија** | Притиснете го копчето ► или копчето ◄ за да ја изберете следната или претходната мелодија.<br>Ако моменталната мелодија се репродуцира повеќе од 10 секунди, повторно ќе започне од почеток кога еднаш ќе се притисне копчето ◄. |
| **Брзо пребарување (чујно)** | Притиснете го ◄копчетоили►копчетоза да почнете со брзо премотување на напред или на назад. Отпуштете го копчето кога ќе го пронајдете саканото место. |
| **Случајна репродукција (MIX ALL)** | Притиснете го копчето **3** во блокот на копчиња.<br>За кратко се прикажува **MIX ALL** а потоа се прикажува **MIX**.<br>Следната мелодија ќе биде избрана по случаен редослед. |
| **Stop MIX** | Повторно притиснете го копчето **3** во блокот на копчиња.<br>Кратко се прикажува **MIX OFF** а потоа **MIX** веќе не се прикажува.<br>Репродукцијата ќе продолжи нормално. |
| **Пребарување на мелодии (SCAN TRK)** | Притиснете го копчето **4** во блокот на копчиња за да ја репродуцирате сите мелодии по околу 10 секунди секоја.<br>**SCAN TRK** кратко се прикажува.<br><br>Запирање на скенирањето и продолжување со пуштената песна:<br>Притиснете го повторно копчето **4** во блокот на копчиња за да го прекинете пребарувањето.<br>**SCAN OFF** кратко се прикажува. Репродукцијата на моменталната мелодија продолжува. |
| **Повторување на мелодијата (RPT TRK)** | Притиснете го копчето **2** во блокот на копчиња.<br>За кратко се прикажува **RPT TRK** а потоа се прикажува **RPT**.<br>Тековниот звучен запис се репродуцира сè додека не се деактивира **RPT**.<br><br>Запирање на повторувањето на песната (RPT):<br>Повторно притиснете го копчето **2** во блокот на копчиња.<br>Кратко се прикажува **RPT OFF** а потоа **RPT** веќе не се прикажува.<br>Репродукцијата ќе продолжи нормално. |
| **Репродукција на аудио записите од списокот на наслови** | Ако списокот за репродукција е составен и мемориран во главниот директориум, може да се репродуцира во режимот PLST.<br>Притиснете го и задржете го копчето **TA** сè додека не се прикаже **PLST ON**. Репродукцијата на првата мелодија од списокот за репродукција започнува по 2 секунди.<br>Ако постојат неколку списоци на наслови (сите во главниот директориум), изберете го списокот што го сакате со користење на копчињата со стрелките ▲ и ▼.<br>Ако ни еден список на наслови не е мемориран на носачот на податоци, се прикажува **NO PLST** кога ќе се притисне и задржи копчето **TA**.<br><br>Додека сте во режимот на работа PLST, не е возможно да пристапите кон други директориуми. Режимот на работа PLST мора да се исклучи за да се менуваат директориумите.<br>Притиснете го и задржете го копчето **TA** сè додека не се прикаже **PLST OFF**. Репродукцијата на првата мелодија од првиот директориум започнува по 2 секунди. |
| **Пауза при репродукцијата (PAUSE)** | Притиснете го копчето **1** во блокот на копчиња. Се прикажува **PAUSE**.<br>Откажување на паузата:<br>Повторно притиснете го копчето **1** во блокот на копчиња.<br>Репродукцијата ќе продолжи. |

OULXBER,00029DF -A8-11FEB16-1/1

## Работа со MP3 (Општи информации)

Со овој радио систем може да се репродуцираат CD-Rs и CD-RWs со MP3 и WMA музички датотеки. Ова поглавје ја опишува само репродукцијата на MP3 датотеката, зашто работата е иста и за MP3, и за WMA датотеките. Носачот на податоци MP3 секогаш се однесува на CD-R/RW.

WMA датотеките со ограничено користење на дигиталните содржини, со цел заштита на авторските права - Digital Rights Management (DRM) од музичките продавници на интернет, не може да се репродуцираат со овој радио систем.

WMA датотеките може безбедно да се репродуцираат ако се креирани со Windows Media Player™, верзија 8 или покасна.

OULXBER,0002A13 -A8-09FEB16-1/1

## Составување на MP3 CD

Ако постојат проблеми со само креираните ЦД-а, употребете празно ЦД од друг производител или со различна боја.

Форматот на ЦД-то мора да биде ISO 9660 ниво 1 или ниво 2, или Joliet. Сите други формати не може безбедно да се репродуцираат.

Кога аудио датотеките ги конвертирате (encoding) во MP3/WMA датотеки, користете брзина за пренос на податоците од 32 до 320 kbps за MP3 датотеките и од 32 до 192 kbps за WMA датотеките.

Овој радио систем поддржува до 252 директориуми и до 255 датотеки во еден директориум. CD-то не смее да содржи повеќе од 512 директориуми и датотеки. Директориумите и песните/датотеките на CD-то може да се одберат поединечно.

*ЗАБЕЛЕШКА: Ако се користат повеќе од 16 знаци (вклучително продолжетоците на датотеките .mp3 или .wma) во името на датотеките, тогаш максималниот број на песни/датотеки и директориумите е намален.*

**Пример за изгледот на структурата на CD-то:**

Секој директориум може да се именува на компјутер. Името на директориумот може да биде прикажано на радиото. Именувајте ги директориумот и звучните записи/директориумите како што е опишано во софтверот на CD снимачот.

*ЗАБЕЛЕШКА: Не користете специјални знаци (или типично Европските знаци како ä, ü, ö, ê, é, Ø и така натака) при именување на директориуми и песни/датотеки.*

*Ако се користат повеќе од 16 знаци (вклучително продолжетоците на датотеките .mp3 или .wma) во името на датотеките, тогаш максималниот број на песни/датотеки и директориумите е намален.*

Датотеките меморирајте ги на носачот за податоци според саканиот редослед за репродукција. Радио системот ќе ги репродуцира датотеките по истиот редослед како што се физички меморирани на носачот на податоци.

Овој радио системот ќе ги репродуцира само MP3 датотеките кои што имаат наставка mp3 и WMA датотеките со наставка wma.




A—Директориуми (Folders) B—Песни/датотеки

- Ако на датотека која што нема MP3 формат му се даде наставка mp3, тогаш таа станува неисправна и нема да може да се репродуцира.
- Ако се користат CD-а што содржат песни/датотеки што не се MP3 формат, како и песни/датотеки што се во MP3 формат, радио системот ќе ги емитува само MP3 датотеките.
- Ако се користат CD-а со mix-режим што содржат аудио CD песни/датотеки и MP3 песни/датотеки, радио системот ќе ги емитува само аудио CD песните/датотеките.

*ЗАБЕЛЕШКА: Користењето на мешани CD медиуми може да предизвика грешка кај радио уредот.*

OULXBER,0002A14 -A8-10FEB16-1/1

## Составување на USB носачот на податоци

За да радио системот го препознае USB носачот на податоци, мора да биде специфициран како уред за масовно складирање и да се форматира во системот на датотеки FAT16 или FAT32. Аудио датотеките мора да бидат зачувани во MP3 или WMA формат.

Максимално 5000 записи (без ID3 ознаки) може да бидат меморирани и користени на USB носачот на податоци. Директориумите и мелодиите може да се избираат и репродуцираат поединечно. Ако се користат аудио датотеки со ID3 ознака, максималниот број на употребливи звучни записи е намален.

Не може да се гарантира дека сите USB носачи на податоци достапни на пазарот работат правилно.

OULXBER,0002A15 -A8-09FEB16-1/1

## ID3 ознаки

Аудио датотеките може да содржат и дополнителни информации, како што се името на уметникот и името на албумот (ID3 ознаки). Овој радио систем може да ги прикажува 1-та и 2-та верзија на ID3 ознаките.

OULXBER,0002A16 -A8-09FEB16-1/1

## Активирање на MP3 режимот од ЦД-то

MP3 CD режимот се активира автоматски кога ќе се стави MP3 CD-то. Погледнете го, исто така, описот во “Активирање на CD режимот”.

Се прикажува бројот на тековниот запис (на пр., T12), времето на репродуцирање и информација за аудио записот (ID3 tags) или името на датотеката. Кога се менуваат директориумите, на кратко се прикажува името на директориумот.

OULXBER,0002A17 -A8-09FEB16-1/1

## Приклучување на USB носачот на податоци и активирање на MP3 режимот

За да може да го приклучите USB носачот на податоци (на пример, USB диск или USB меморија), USB кабелот мора да биде споен на надворешниот USB приклучок (погледнете го исто така “Прирачникот за ракување од возилото”).

**⚠ ВНИМАНИЕ: Во зависност од дизајнот, некои USB носачи на податоци не се погодни за директно приклучување на USB приклучок. За да се спречат телесни повреди, USB носачот на податоци треба да се користи само со дополнителен кабел за поврзување.**

USB носачот на податоци поврзете го со USB кабелот. Штом е поврзан, USB носачот на податоци може да се избере со притискање на копчето **SRC 12**. Потоа се прикажува **USB**.

### Прикажување на изминатото или на преостанатото време за репродукција

Притиснете го копчето **6** во блокот на копчиња за да го промените прикажувањето на изминатото (ELAPSED) и преостанатото (REMAIN) време на репродукција на моменталниот звучен запис.

### Прикажување на информации за аудио записот (ID3 ознаки)

Ако аудио датотеките содржат ID3 ознаки, соодветните информации се прикажуваат еднаш како подвижен текст на почетокот на секој аудио запис. Ако аудио датотеката не содржи ID3 ознаки, се прикажува само името на датотеката.

*ЗАБЕЛЕШКА: Погледнете го, исто така, соодветниот опис на PC MP3 софтверот или софтверот за снимање за да ги креирање ID3 ознаките.*

Притиснете го копчето **5** за да се прикажат еднаш информациите за аудио записот како подвижен текст. ID3 ознаките на моменталниот аудио запис се прикажат еднаш како подвижен текст.

*ЗАБЕЛЕШКА: Оваа функција не е на располагање ако “прикажувањето на информациите за аудио записот како подвижен текст” е исклучено. Видете Вклучување/исклучување на прикажувањето на информациите за звучниот запис како подвижен текст (SCRL).*

OULXBER,0002A18 -A8-09FEB16-1/1

## Вклучување/исклучување на лизгачки информации за песна(SCRL)

1. Изберете го CD или MP3/WMA режимот.
2. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
3. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **SCRL** и тековните поставки **OFF** или **ON**.
4. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да го вклучите или исклучите подвижен текст со информациите за аудио записот.
5. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.
6. Ако е одбрано **SCRL OFF** : На почетокот на секоја песна, се прикажува/лизга насловот на песната. Потоа во текот на преостанатото времетраење на песната, заедно се прикажуваат бројот на песната и времето.

OULXBER,0002A19 -A8-10FEB16-1/1

## Репродукција на MP3 или WMA датотеките

| | |
|---|---|
| **избор на директориум** | Притиснете го копчето ▲ или копчето ▼ за да ги менувате директориумите нанапре и наназад. На овој начин можат да бидат достапни и под директориумите. Директориумите на носачите на податоци кои што не содржат важечки аудио датотеки се прескокнуваат. |
| **Изберете мелодија** | Притиснете го копчето ► или копчето ◄ за да ја изберете следната или претходната мелодија.<br>Ако моменталната мелодија се репродуцира повеќе од 10 секунди, повторно ќе започне од почеток кога еднаш ќе се притисне копчето ◄. |
| **Брзо пребарување (чујно)** | Притиснете го ◄копчетоили►копчето за да почнете со брзо пуштање на напред или на назад. Отпуштете го копчето кога ќе го пронајдете саканото место. |
| **Случајна репродукција (MIX ALL)** (сите мелодии на носачот на податоци) | Притиснете го неколку пати копчето **3** во блокот на копчиња, сè додека не се прикаже **MIX ALL**.<br>Се прикажува **MIX** и сите мелодии од **MP3 носачот на податоци** се репродуцираат по случаен редослед. |
| **Случајна репродукција (MIX DIR)** (сите мелодии во директориумот или во датотеката) | Притиснете го неколку пати копчето **3** во блокот на копчиња, сè додека не се прикаже **MIX DIR**.<br>Се прикажува **MIX** и сите мелодии од **MP3 директориумот** се репродуцираат по случаен редослед. |
| **Stop MIX** | Повторно притиснете го копчето **3** во блокот на копчиња.<br>Кратко се прикажува **MIX OFF** а потоа **MIX** веќе не се прикажува.<br>Репродукцијата ќе продолжи нормално. |
| **Пребарување на мелодиите (SCAN TRK)** (сите мелодии на носачот на податоци) | Се репродуцираат сите мелодии од MP3 носачот на податоци последователно, секоја по отприлика 10 секунди: Притиснете го неколку пати копчето **4** во блокот на копчиња, сè додека не се прикаже **SCAN TRK**. |
| **Пребарување на мелодиите (SCAN FLD)** (сите мелодии во директориумот или во датотеката) | Се репродуцираат сите мелодии од MP3 директориумот последователно, секоја по отприлика 10 секунди: Притиснете го неколку пати копчето **4** во блокот на копчиња, сè додека не се прикаже **SCAN FLD**.<br><br>Запирање на скенирање, продолжување на пуштената песна: Притиснете го повторно копчето **4** во блокот на копчиња за да го прекинете пребарувањето.<br>**SCAN OFF** кратко се прикажува. Репродукцијата на тековниот звучен запис продолжува. |
| **Повторување на песна или директориум (RPT TRK) и (RPT DIR)** | **Повторување на песна:**<br>Притиснете го копчето **2** во блокот на копчиња.<br>За кратко се прикажува **RPT TRK** а потоа се прикажува **RPT**.<br>Тековниот звучен запис се репродуцира сè додека не се деактивира **RPT**.<br><br>**Повторување на директориум:**<br>Притиснете го копчето **2** во блокот на копчиња.<br>За кратко се прикажува**RPT DIR** а потоа се прикажува **RPT**.<br>Моменталниот директориум се репродуцира сè додека не се деактивира **RPT**.<br><br>**Запирање на повторувањето:**<br>Повторно притиснете го копчето **2** во блокот на копчиња.<br>Кратко се прикажува **RPT OFF** а потоа **RPT** веќе не се прикажува.<br>Репродукцијата ќе продолжи нормално. |

**Продолжува на следната страница** OULXBER,0002A1A -A8-11FEB16-1/2

| | |
|---|---|
| **Репродукција на аудио записите од списокот на наслови** | Ако списокот за репродукција е составен и мемориран во главниот директориум, може да се репродуцира во режимот PLST.<br>Притиснете го и задржете го копчето **TA** сè додека не се прикаже **PLST ON**. Репродукцијата на првата мелодија од списокот за репродукција започнува по 2 секунди.<br>Ако постојат неколку списоци на наслови (сите во главниот директориум), изберете го списокот што го сакате со користење на копчињата со стрелките ▲ и ▼.<br>Ако ни еден список на наслови не е мемориран на носачот на податоци, се прикажува **NO PLST** кога ќе се притисне и задржи копчето **TA**.<br><br>Додека сте во режимот на работа PLST, не е возможно да пристапите кон други директориуми. Режимот на работа PLST мора да се исклучи за да се менуваат директориумите.<br>Притиснете го и задржете го копчето **TA** сè додека не се прикаже **PLST OFF**. Репродукцијата на првата мелодија од првиот директориум започнува по 2 секунди. |
| **Пауза при репродукцијата (PAUSE)** | Притиснете го копчето **1** во блокот на копчиња. Се прикажува **PAUSE**.<br><br>Откажување на паузата:<br>Притиснете го копчето **1** во блокот на копчиња. Репродукцијата ќе продолжи. |

OULXBER,0002A1A -A8-11FEB16-2/2

## Bluetooth® работење, општи информации

Овој радио систем е опремен со интегриран Bluetooth® модул. Со користење на радио комуникација, Bluetooth®-от овозможува сигурен пренос на податоци помеѓу радио системот и спарен Bluetooth® уред со мал домет, како што е мобилен телефон.

Радиото ги подржува следниве функции:

- Рачно вклучување и исклучување на функцијата Bluetooth®.
- Трајна врска (поврзување) меѓу радио системот и мобилниот телефон.
- Автоматско поврзување со претходно поврзаниот мобилен телефон при вклучување на радио системот.
- Преземање на 252 контакти со 4 телефонски броеви од телефонскиот именик на поврзаниот мобилен телефон.
- Истражување на пренесените контакти.
- Примање и упатување на повици.
- Репродукција на аудио датотеките.

**Правила за Северна Америка**

FCC ID: YBN-JD-BASE4

IC: 9595A-JD-BASE4

**FCC поглавје 15.19, барања за означување**

Овој уред е во склад со делот 15 од правилата на FCC (Федерална комисија за комуникации) и RSS стандардот-(те) за ослободување од лиценца на Канадската индустрија. Работењето треба да ги задоволи следниве два услови:

LX245298 —UN—27JUL15

*Ознака за сертификација на Bluetooth® за Русија*

1. Овој уред не смее да предизвика штетни пречки.
2. Овој уред мора да ги прифати сите вообичаени пречки, вклучувајќи ги и пречките кои што можат да предизвикаат неправилно работење.

**FCC поглавје 15.21, Информации за корисникот**

Промените и преправките коишто не се јасно одобрени од страната одговорна за согласност, може да го поништат овластувањето на оној којшто управува со опремата.

**Правила за Мексико**

NOM-121-SCT1-2009

Функционирањето на овој систем подлежи на следниве два услова:

1. Овој систем или уред не смее да предизвикува штетни пречки.

2. Овој систем или уред мора да ги прифати сите примени пречки, вклучувајќи ги и пречките што можат да предизвикаат непожелно работење.

OULXBER,0002A0B -A8-11FEB16-1/1

## Поставки Bluetooth®

Следниве постапки мора да се преземат пред да се користи Bluetooth®:

1. Вклучете ја функцијата Bluetooth®
2. Изберете го видот на поврзување (телефон/аудио)
3. Спарување на радио со мобилен телефон или друг Bluetooth® уред

Откако мобилниот телефон е успешно поврзан, телефонските повици може да бидат примени и лоцирани преку радио системот. Исто така, MP3 музичките датотеки складирани на Bluetooth® уредот може да се емитуваат преку радио системот.

OULXBER,0002A0C -A8-10FEB16-1/1

## Вклучување/исклучување на функциите на Bluetooth® (BT MODE)

Функциите на Bluetooth® може да се вклучат или исклучат во секој режим (радио, ЦД, USB, AUX, XM). Кога е вклучен Bluetooth® светка соодветниот симбол.

*ЗАБЕЛЕШКА: Симболот за Bluetooth® постојано се прикажува додека Bluetooth® е вклучен и поврзан.*

1. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
2. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **BT MODE**. Причекајте 2 секунди додека се прикаже моменталната поставка **BT OFF** или **BT ON**.
3. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да го вклучите или исклучите Bluetooth®. После 2 секунди новата поставка станува активна и симболот за Bluetooth® почнува да светка.
4. Притиснете го копчете **MENU** за да го отворите **CON-TYPE** или причекајте еден момент за да автоматски се вратите на моментално избраниот режим.

OULXBER,0002A0D -A8-09FEB16-1/1

## Избирање на видот на врската (CON-TYPE) и уредот за спојување (BT-PAIR)

Bluetooth® телефонот и Bluetooth® аудиото може да се користат со овој радио систем. Изборот е направен во CON-TYPE менито.

*ЗАБЕЛЕШКА: CON-TYPE се прикажува само кога Bluetooth® е вклучен (BT ON).*

### Изберете го видот на врската (CON-TYPE)

1. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
2. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **CON-TYPE**. Почекајте 2 додека се прикаже под менито **BT PHONE** или **BT AUDIO**.
3. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да изберете **BT PHONE** или **BT AUDIO**.
4. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите следното мени **BT PAIR** или притиснете го копчето **TA** за да прекинете.

### Поврзување на Bluetooth® уредот (BT-PAIR)

1. Притиснете го копчето **MENU** за да го отворите менито.
2. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **BT PAIR**. Почекајте 2 додека се прикаже под менито **VISIBLE** или **BT AUDIO**. По 2 секунди се прикажува, **PIN XXXX** (XXXX претставува единичен редослед на броеви).
3. На мобилниот телефон овозможете го Bluetooth®-от, одберете нов уред или BOSCH BT (ако веќе е поставено) и почнете го пребарувањето за поврзување. Откако мобилниот телефон ќе се поврзи, повикани сте да го внесете PIN кодот.
4. Сега, броевите прикажани на радиото (XXXX) внесете ги во мобилниот телефон и потврдете, ако тоа се бара.
5. Ако поврзувањето е успешно, се прикажува Bluetooth®симболот и **PAIRED**; потоа, по 2 секунди се прикажува **BT JOIN**, па следи името на контактот на поврзаниот мобилен телефон.

   *ЗАБЕЛЕШКА: Ако поврзувањето не е успешно, се појавува* **NO PAIR** *и радио системот веднаш се враќа на претходниот режим на работа. Може да започнете со нов обид за поврзување.*

6. Името на контактот се прикажува 10 секунди, а потоа радио системот се враќа на начинот на работа кој што беше избран пред поврзувањето.

OULXBER,0002A0E -A8-10FEB16-1/1

## Тековно поврзани Bluetooth® уреди (BT-JOIN)

До 5 мобилни телефони можат да се поврзат со радио системот. Мобилниот телефон којшто е поврзан последен, секогаш е автоматски повторно приклучен и прикажан на **BT JOIN**. Ако приклучувате некој друг поврзан телефон, Bluetooth® функцијата на сите други мобилни телефони во рамките на дометот, мора претходно да биде исклучена. Исто така е возможно повторно да се поврзи саканиот мобилен телефон со радио системот.

Максимум 5 мобилни телефони можат да се поврзат со радио системот. Ако е поврзан друг уред,, уредот кој што бил најдолго мемориран, ќе биде избришан.

OULXBER,0002A0F -A8-10FEB16-1/1

## Пренесување и пристапување до податоци од именик

**Пренесување на податоци од именик:**

По успешното поврзување, до 252 контакти, со 4 телефонски броеви секој, се пренесени од поврзани мобилен телефон на радио системот. Преносот автоматски се одвива во позадина. Нема информации за постапката. Податоците од телефонот можат да бидат достапни преку радио системот откако симболот Bluetooth® ќе престане да светка.

**Пристапување до податоци од именик:**

Податоците од именикот (телефонски броеви, имиња на контакти, итн.) се складирани на листа. Списокот може да биде прикажан со притискање и задржување на копчето **SRC**, а потоа можете да пребарувате користејќи ги копчињата со стрелките. Повторно притиснете го копчето **SRC**, или копчето **MENU** за да прекинете.

1. Притиснете го и држете го копчето **SRC** подолго од 3 секунди за да ја отворите листата со контакти.
2. Се прикажува првиот контакт.
3. Притиснете го копчето ► за да се префрлите на следната буква од азбуката.
4. Притиснете го копчето ◄ за да се префрлите на претходната буква од азбуката.
5. Притиснете го копчето ▼ за да се прикаже следниот контакт.
6. Притиснете го копчето ▲ за да се прикаже претходниот контакт.
7. Притиснете го копчето **MENU** за да го затворите списокот.

*ЗАБЕЛЕШКА: Повиците што се примаат имаат приоритет. Списокот ќе биде затворен и ќе се прикаже последниот избран режим. Телефонските информации се ажурираат после секој телефонски повик.*

OULXBER,0002A10 -A8-10FEB16-1/1

## Примање и упатување на повици

Кога радио системот е поврзан со мобилен телефон, повиците можат да се примаат и упатуваат.

**Одговарање на повик**

Кога доаѓа повик, се огласува ѕвоното и се прикажува **CALL**. Приказот се менува по 2 секунди и се прикажува називот на контактот или бројот на телефонот на повикувачот. Ако соодветната информација не е достапна, се прикажува **PRIVATE NUMBER**.

1. Притиснете го копчето **BND** за да одговорите на повикот. (За да го откажете повикот, притиснете го копчето **MENU**.)
2. Ако е потребно, регулирајте ја јачината на звукот со регулаторот на јачината на звукот.
3. Притиснете го копчето **MENU** за да го завршите повикот.
   Во тек на 2 секунди е прикажано **CALL END** и радио системот ќе се врати во моментално избраниот режим.

**Упатување на повик**

1. Притиснете го и држете го копчето **SRC** подолго од 3 секунди за да ја отворите листата со контакти.
2. Користете ги копчињата со стрелки за да го изберете саканиот контакт и притиснете на **BND** за да ја воспоставите врската.
3. Кога врската ќе се воспостави, се прикажува **IN CALL**.
4. Ако е потребно, регулирајте ја јачината на звукот со регулаторот на јачината на звукот.
5. Притиснете го копчето **MENU** за да го завршите повикот.
   Во тек на 2 секунди е прикажано **CALL END** и радио системот ќе се врати во моментално избраниот режим.

Функција за исклучување на звукот (MUTE): Ако за време на разговорот кратко го притиснете копчето за вклучување/исклучување, преносот на говорот преку микрофонот е оневозможен (придушен). Притиснете го повторно копчето за вклучување/исклучување за повторно да го активирате преносот на говорот.

*ЗАБЕЛЕШКА: Дојдовните повици за време на телефонски разговор кој е во тек се најавени со звук на ѕвоно. По престанувањето на звукот на ѕвоното, дојдовниот повик автоматски се одбива.*

OULXBER,0002A11 -A8-09FEB16-1/1

## Репродукција на аудио датотеките (BT AUDIO)

Радио системот го подржува A2DP[1] Bluetooth® стандардот. Кога мобилниот телефон или аудио плеер-от, исто така поддржуваат A2DP, поддржаните музички датотеки може да бидат пренесени безжично кон радио системот и да се емитуваат во стерео квалитет. За репродукција треба да биде избран вид на приклучок **BT AUDIO** во менито **CON-TYPE**, а потоа Bluetooth® уредот треба да биде поврзан. По успешното поврување, влезето во **BT AUDIO** режимот користејќи го копчето **SRC** за да ги слушате музичките датотеки.

**Поврзување на уредот со радиото:** Погледнете “Бирање на вид на поврзување (CON-TYPE) и спарување на уреди (BT-PAIR)“ во овој дел.

**По успешното поврзување:**

1. Притиснете го неколку пати копчето **SRC** сѐ додека не се прикаже режимот **BT AUDIO**. Репродукцијата на звучните записи автоматски почнува и продолжува сѐ до завршувањето на датотеката, на директориумот, или непрекинато, во зависност од поставките на мобилниот/аудио уредот. Информациите за аудио записот ќе бидат прикажани како подвижен текст, ако се достапни и ако е вклучен SCRL. Ако информациите за звучниот запис не се достапни, се прикажува **TITLE UNKNOWN** (име непознато).

   *ЗАБЕЛЕШКА: Изворот на аудио сигналот не е достапен се додека знакот за Bluetooth® не престане да трепка на предната плоча.*

2. Користете го копчето за регулирање на јачината на звукот за да ја поставите јачината на звукот на репродукцијата.
3. Притиснете го копчето ▌▌► за да направите пауза при репродукцијата. Повторно притиснете го копчето за пауза за да продолжи репродукцијата. Оваа функција е достапна само ако ја поддржува мобилниот телефон/операторот.
4. Со кратко притискање на копчето за вклучување/исклучување (Mute), се прекинува репродукцијата на звукот на звучникот во текот на аудио режимот BT.

*ЗАБЕЛЕШКА: Гласноста на спарениот уред влијае на аудио излезот кај радиото. Ако гласноста на уредот е поставена на многу ниско ниво, тогаш нема да го слушате аудио излезот од радиото.*

*ЗАБЕЛЕШКА: Функцијата на телефонот е исто така активна во режимот **BT AUDIO** и има приоритет над репродукцијата на музиката. Тоа значи дека се прави пауза при репродуцирањето на музиката додека трае телефонскиот повик.*

*[1]A2DP (Advanced Audio Distribution Profile - Профил за напредна репродукција на звукот) е вообичаена технологија за пренос која што овозможува пренос на стерео звучни сигнали на компактибилен приемник користејќи Bluetooth®.*

OULXBER,0002A12 -A8-11FEB16-1/1

## SiriusXM™ радио, Општи информации

Услугата автоматски ќе се обновува и наплатува преку тековните рати, сè додека не го повикате бројот 1-866-635-2349 за да ја откажете. Погледнете го нашиот Договор со корисникот за да имате комплетен список на условите на www.siriusxm.com. Се применуваат и други давачки и даноци. Сите давачки и програми се подложни на промена. XL може да го содржи честото вулгарно изразување или програми за возрасни. Јавете се на SiriusXM Listener Care на 1-800-967-2346 и распрашајте се за нашите Family Friendly packages (Фамилијарните пријателски пакети); во Канада јавете се на 1-877-438-9677. XM сателитскиот сервис е достапен само за постари од 18 години во 48 федерални републики на САД и D.C. За повеќе информации околу програмата или за зачленувањето, ве молиме посетете ја страницата www.siriusxm.com; во Канада посетете ја страницата www. siriusxm.ca. Исто така може да се јавите по телефон за да се зачлените. Корисници во САД: 1-800-967-2346; Корисници во Канада: 1-877-438-9677.

*ЗАБЕЛЕШКА: Забрането е копирање, разделување, расклопување, присвојување на инженерски труд, нелегално приклучување, манипулирање или вградување на било која технологија или софтвер на било кој начин во приемници компатибилни со SiriusXM® Стандарден Радиосистем или што го подржуваат веб-сајтот SiriusXM®, интернет сервисот или било која од нејзината содржина. Освен тоа, AMBE® софтверот за компресија на звукот вграден во овој производ е заштитен според правилата за интелектуална сопственост, вклучувајќи ги и правата за индустриска сопственост, авторски права и деловни тајни на компанијата Digital Voice Systems, Inc.*

*Канада: Повремено послаб сигнал може да се појави на крајните северни географски ширини. Ова е надвор од контролата на SiriusXM® сателитското радио.*

OULXBER,00029FC -A8-09FEB16-1/1

## Прикажување на XM серискиот број

1. Имајте блок за забелешки и пенкало.
2. Притиснете го**SRC**копчето во неколку наврати додекане се појави**XM**.
3. По 2 секунди се прикажува каналот**CHN 0**.
4. Потоа се прикажува **RADIO ID**. По дополнителни 2 секунди, се прикажува осумцифрен XM сериски број (слично како 1A2B3C4D) во текот на наредните 10 секунди.
5. Запишете го овој број; ова е код којшто ќе ви биде потребен за да се претплатите на сателитскиот радио сервис.

*ЗАБЕЛЕШКА: На каналот 0, екранот префрла меѓу CHN 0 (2 секунди), RADIO ID (2 секунди), и серискиот број (10 секунди). Ова се повторува неограничено се додека операторот е на канал 0.*

OULXBER,0002A1C -A8-11FEB16-1/1

## XM режим на радиото

*ЗАБЕЛЕШКА: Само премиум радиата за Северна Америка имаат достапно XM. За премиум радио без CD (САД), тоа е единствено “XM спремно”, операторот мора да го нарача XM приемникот одделно од радиото.*

Овој радио систем е опремен со XM приемник за прием на дигитални радио станици преку сателит (на пример, XM радио). Постојат три XM појаси (XM1, XM2 и XM3 мемориски нивоа), секој со по 6 канали кои што може да бидат доделени на едно од 6 копчиња на станицата.

Со користењето на функцијата CAT, каналите може да се избираат посебно според видот на програмата (категориите).

*ЗАБЕЛЕШКА: Услугата за сателитското радио подлежи на надоместоци и корисникот мора да се претплати за тоа! При претплатата, неопходен е серискиот број на приемникот. Видете го прикажаниот XM сериски број во ова поглавје.*

OULXBER,00029FD -A8-11FEB16-1/1

## Започнување на XM режимот на радиото

Ако радио системот моментално е во друг режим:

Притиснете го неколку пати копчето **SRC** сè додека не се прикаже **XM** и бројот на каналот CHN X (X го претставува бројот).

OULXBER,00029FE -A8-09FEB16-1/1

## Избирање на XM појасот (ниво на меморијата)

Појасот XM1 е фабрички поставен. Притиснете го **BND** копчето за да префрлате помеѓу мемориските нивоа.

Името на избраниот XM појас се прикажува во долниот лев агол на екранот.

OULXBER,00029FF -A8-11FEB16-1/1

## Избор на XM канали

Каналите за XM може да бидат одбрани со користење на левите и десните копчиња со стрелки ◄►. Ако е активен режимот за барање на категории, само каналите што се соодветни на одбраната категорија ќе бидат достапни.

- Притиснете го копчето ► за да се префрлите на следниот канал..
- Притиснете го копчето ◄ за да се префрлите на претходниот канал.

Се прикажува бројот на избраниот канал.

OULXBER,0002A00 -A8-11FEB16-1/1

## Зачувување на XM каналите

Зачувувањето на XM каналите на копчињата на станицата е идентично со зачувувањето на аналогните радио станици.

1. Притиснете го копчето **BND** и изберете XM појас.
2. Притиснете го копчето ► или копчето ◄ за да го изберете XM каналот што го сакате.
3. Изберете едно од копчињата за станици 1 - 6 за да го зачувате XM каналот, а потоа притиснете го и задржете го ова копче подолго од 2 секунди. Звучен сигнал го потврдува зачувувањето на XM каналот на избраното копче за станицата.

Додека XM каналот се емитува, во левиот горен дел на екранот се прикажува местото на кое што е зачуван овој канал (на пример, P1).

OULXBER,0002A01 -A8-09FEB16-1/1

## Бирање на складирани XM канали

1. Притиснете го копчето **BND** и изберете XM појас.
2. Притиснете го соодветното копче за станицата 1 - 6 за да го изберете XM каналот што го сакате..

OULXBER,0002A02 -A8-11FEB16-1/1

## Вклучување/исклучување на режимот за категорија на XM канал (CAT)

1. Притиснете го копчето **SRC** и поминете во сателитски режим (ако XM веќе не е избран).
2. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сѐ додека не се прикаже **CAT**.
3. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока за да изберете **CAT ON** или **CAT OFF**.
4. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

OULXBER,0002A03 -A8-11FEB16-1/1

## Бирање на категорија на XM канал

Категории на XM канал (на.пр. ROCK, JAZZ, NEWS, итн.) се бираат со користење на ▼и▲копчињата со стрелки.

*ЗАБЕЛЕШКА: CAT мора да биде вклучен за да може да го изберете видот на програмата.*

- Притиснете го ▲копчето за да одите на следната категорија.
- Притиснете го ▼копчето за да одите на претходната категорија.

OULXBER,0002A04 -A8-11FEB16-1/1

## Поставување на функциите на копчињата (KEY PRG)

Во XM радио режимот, една од следните функции може да му биде доделена на копчињата ◄ и ►:

CHNSEEK: Рачно менување на XM каналите во интервали

CHNSCAN: Скенирање на достапните XM канали во тековно одбраното XM подрачје

1. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** сè додека не се прикаже **KEY PRG**.
2. Завртете го копчето за јачина на звукот во насока на стрелките на часовникот или во обратна насока од CHNSEEK во CHNSCAN или обратно.
3. Притиснете го неколку пати копчето **MENU** за да излезете од менито.

OULXBER,0002A05 -A8-11FEB16-1/1

## Податоци за системот

Различни дефекти можат да се појават во XM режимот на радиото; радио системот ги прикажува соодветните пораки за грешки. **Погледнете исто во “Пораки за грешки и дефекти” во поглавјето 50.**

OULXBER,0002A07 -A8-09FEB16-1/1

## Спецификации

| | Стандардно радио | Стандардно радио со ЦД (CD) читач | Премиум радио | Премиум радио систем за Северна Америка |
|---|---|---|---|---|
| Работен напон | 12 волти | 12 волти | 12 волти | 12 волти |
| Излез | 4 x 20 W (синус на 4 Om) | 4 x 20 W (синус на 4 Om) | 4 x 20 W (синус на 4 Om) | 4 x 20 W (синус на 4 Om) |
| Дополнителен влез | 2 x 2.0 V ефективно | 2 x 2.0 V ефективно | 2 x 2.0 V ефективно | 2 x 2.0 V ефективно |
| Бранови појаси, NAFTA земји | | | | |
| FM | 87.7 – 107.9 MHz | 87.7 – 107.9 MHz | 87.7 – 107.9 MHz | 87.7 – 107.9 MHz |
| AM | 530 – 1710 kHz | 530 – 1710 kHz | 530 – 1710 kHz | 530 – 1710 kHz |
| WX | 162.4 – 162.55 MHz | 162.4 – 162.55 MHz | не е достапно | 162.4 – 162.55 MHz |
| Бранови појаси, ЕВРОПА | | | | |
| UKW (FM) | 87.7 – 107.9 MHz | 87.7 – 107.9 MHz | 87.7 – 107.9 MHz | 87.7 – 107.9 MHz |
| MW | 530 – 1710 kHz | 530 – 1710 kHz | 530 – 1710 kHz | 530 – 1710 kHz |
| LW | 153 – 279 kHz | 153 – 279 kHz | 153 – 279 kHz | 153 – 279 kHz |
| FM фреквентен одговор | 30 – 15000 Hz | 30 – 15000 Hz | 30 – 15000 Hz | 30 – 15000 Hz |
| CD фреквентен одговор | 20 – 20000 Hz | 20 – 20000 Hz | 20 – 20000 Hz | 20 – 20000 Hz |

Достапни бранови појаси (појаси на бирачот на канали):

- EUROPE (Европа)
- NAFTA (Северна Америка)
- SOTHAMRC (Јужна Америка)
- MESTAFRC (Среден Исток и Африка)
- APAC (Азија/Пацифик, без Јапонија)
- TAIWAN (Тајван)
- PHILIPIN (Филипини)
- AUSTRLNZ (Австралија и Нов Зеланд)

OULXBER,0002A08 -A8-09FEB16-1/1

## Идентификацискиот број на производот и сериски број на SiriusXM®

Видете исто таказа “Приказ на XM серискиот број” во овој прирачник за работа.

Запишете ги броевите овде:

Име на радио модел (погледнете за идентификационен преглед): .. ______________________________

Радио идентификационен број, погледнете “Приказ на XM серискиот број”: ........ ______________________________

Сериски број на SiriusXM®, погледнете “Приказ на XM серискиот број” ........ ______________________________

OULXBER,0002A09 -A8-11FEB16-1/1

## Пораки за грешки и дефекти

| Пораки за грешки за време на сателитски прием (само за Северна Америка): | |
|---|---|
| SATUPDAT | Ажурирање на кодот за дешифрирање |
| НЕМА СИГНАЛ | Нема сигнал или сигналот е премногу слаб. Пораката за грешка се прикажува сѐ додека сигналот не стане доволно јак. |
| ПОЛНЕЊЕ НА СИГНАЛ | Декодирањето на аудио сигналот не успеа; променете го каналот. |
| OFF AIR | Избраниот канал нема емисија; променете го каналот. |
| CH UNAVL | Избраниот канал повеќе не е достапен; радио системот автоматски ќе помине на претходниот канал. |
| — — — | Нема информации за изведувачот или за звучниот запис; пораката е прикажана сѐ додека не се добијат соодветните информации. |

| Радио, CD и емитување на датотеки - Дефекти: | |
|---|---|
| Радиото се префрлува на фреквенции на кои нема станици во подрачјето на емитирање. | Приемникот мора да биде нагоден на фреквенцискиот појас достапен во регионот. Посетете го Вашиот трговец со John Deere™ опрема за да го нагодите радиото на соодветниот фреквенциски појас. |
| Не е достапен AUX аудио извор. | Аудио изворот AUX е прикажан само ако влезниот уред е приклучен на соодветен влез. Во случај на проблеми, проверете ги приклучоците и каблите и вклучете го влезниот уред. |
| Квалитетот на звукот на говорот е лош кога користите Bluetooth® уред за разговор со слободни раце. | Водете сметка за тоа отворите за воздух да не го насочуваат воздухот на вентилаторот кон микрофонот. на батеријата на телефонот е премногу слаба, приклучете го кабелот на полначот. Зголемете ја гласноста на Bluetooth® уредот. Овозможете го еквилајзерот на Bluetooth® уредот (ако сте опремени со тоа). |
| Порака БЛОКИРАН | Не е возможна аудио репродукција. Радиото е блокирано за да се спречи неовластено користење (активен е режимот против кражба). Посетете го Вашиот трговец со John Deere™ опрема за да го деблокирате радиото. |
| Порака CD ERROR | Проблем со вметнатото CD. Гребнатини на CD-то, оштетен или нечитлив датотечен систем. |
| Порака DEF ERR | Проблем со USB уредот. Неправилен формат на датотека. USB уредот не е компатибилен |

OULXBER,0002A0A -A8-11FEB16-1/1

## Декларација за сообразност

Роберт Бош автомобили Мултимедија GmbH изјавува дека видовите на радио опремата како што е наведена подолу, се во согласност со директивата 2014/53/ЕУ (анекс VII).

- Основно John Deere 1 САД (стандардно радио)
- Основно John Deere 3 САД/ЕУ (стандардно радио со CD)
- Основно John Deere 4 ЕУ (премиум радио ЕУ)
- Основно John Deere 4 САД (премиум радио за Северна Америка)
- Основно John Deere 5 (премиум радио без CD САД)

Целиот текст за декларацијата на ЕУ за сообразност е достапна на интернет адресите:

***http://cert.bosch-carmultimedia.net***

| Целосен текст на 2014/53 / ЕУ за соодветната земја: | |
|---|---|
| **Држава** | **Директива** |
| Естонија | 2014/53/EL |
| Литванија<br>Летонија | 2014/53/ES |
| Австрија<br>Република Чешка<br>Германија<br>Данска<br>Финска<br>Обединето Кралство<br>Хрватска<br>Унгарија<br>Ирска<br>Холандија<br>Шведска<br>Словачка | 2014/53/EU |
| Белгија<br>Шпанија<br>Франција<br>Италија<br>Луксембург<br>Малта<br>Полска<br>Португалија<br>Романија | 2014/53/UE |
| Кипар<br>Грција | 2014/53/ |
| Бугарија | 2014/53/EC |

### Bluetooth® Спецификации

| | |
|---|---|
| Фреквенциски опсег | 2400 Mhz - 2480 Mhz |
| Емитувана енергија (EIRP) | Bluetooth® < 10 mW |
| Совети/ограничувања | Вградена внатрешна Bluetooth® антена |

*Bluetooth е регистриран заштитен знак на Bluetooth SIG*

OULXBER,0002C51 -A8-25APR17-1/1

# Индекс


Страница

## А

Активирање на функциите на Bluetooth® (BT MODE) .... 40-2
Активирање на ЦД режимот .... 30-1
Активирање на MP3 режимот од ЦД-то .... 35-3
Активирање на MP3 режимот, USB носач на податоци .... 35-3

## Б

Безбедност при работа .... 05-1
Безбедност при транспорт .... 05-1
Бирање на зачуваните станици .... 15-4
Бирање на складирани XM канали .... 45-2

## В

Вадење на CD-то .... 30-1
Вид на програмата .... 15-5
Вклучување/исклучување .... 10-3
Вклучување/исклучување на звукот за потврдување .... 10-4
Вклучување/исклучување на јачината на звукот .... 10-5
Вклучување/исклучување на лизгачки информации за песна .... 35-4
Вклучување/исклучување на RDS функциите .... 15-2
Враќање на поставките за звукот на почетно ниво .... 10-5

## З

Запомнување на станицата .... 15-4
Започнување на режимот на радиото .... 15-2
Зачувани станици, бирање .... 15-4

## И

Изберете го видот на врската (CON-TYPE) .... 40-2
Избор на брановиот појас/ниво на меморија .... 15-3
Избор на поврзаниот Bluetooth® уред за приклучување .... 40-2
Информации за песна, ВКЛУЧУВАЊЕ/ИСКЛУЧУВАЊЕ на лизгачката функција .... 35-4
Информации за сообраќајот .... 20-1

## Н

Нагодување на јачината на осветлувањето на радиото .... 10-3
Надворешни аудио извори .... 25-1
Намалување на високите тонови кога има пречки (HCUT) .... 15-5

Страница

## О

Осетливост при барање .... 15-3
Основни поставки за радио прием .... 05-1

## П

Повикување на зачуваните станици .... 15-4
Поставки зависни од земја .... 15-1
Поставки на приемникот на радиото .... 15-1
Поставки на радио приемникот .... 15-1
Поставки Bluetooth® .... 40-1
Поставување на звукот .... 10-4
Поставување на максимална јачина на звукот при вклучување .... 10-4
Поставување на распределбата на звукот на левата и на десната страна .... 10-5
Поставување на распределбата на звукот на предната и на задната страна .... 10-5
Поставување на станица .... 15-3
Поставување на функциите на копчињата (KEY PRG) .... 15-6
Преглед на зачуваните станици (PRSTSCAN) .... 15-4
Пренос на аудио датотеки преку Bluetooth® .... 40-4
Придушување на радиото .... 10-4
Прикажување на XM серискиот број .... 45-1
Прикажувањето на информациите за звучниот запис .... 35-4
Примање и упатување на повици, Bluetooth® .... 40-3

## Р

Радио прием, основни поставки .... 05-1
Ракување со ЦД уредот (функции за репродукција) .... 30-2
Репродукција на музичките датотеки
- MP3 .... 35-1
- WMA .... 35-1

Репродукција на MP3 или WMA датотеките .... 35-5

## С

Сателитски прием, Избор на видот на програмата (категорија) .... 45-2
Сателитски прием, Избор на XM канали .... 45-2
Сателитски прием, XM сериски број .... 45-1
Скенирање на достапни станици .... 15-5
Составување на MP3 CD .... 35-2
Составување на USB носачот на податоци .... 35-3
Спецификации .... 50-1

## Ф

Функција за барање, осетливост .... 15-3


**Продолжува на следната страница**

Страница

## X

ХМ канали, бирање на складирани канали ............ 45-2

## Ц

ЦД режим, општи информации................................ 30-1

## B

Bluetooth®, поврзан уред (BT-PAIR)........................ 40-2
Bluetooth®, Пренос и пребарување на податоците од телефонот (пренос на податоци).. 40-3
Bluetooth®, Пренос на податоци............................. 40-3
Bluetooth®, примање и упатување на повици ........ 40-3
Bluetooth®, репродукција на аудио датотеки (BT AUDIO)............................................... 40-4

## C

CD, MP3 директориум .............................................. 35-2

Страница

## J

ја прилагодува јачината на гласот........................... 10-3

## M

MP3, работа со ЦД (Општи информации) .............. 35-1
MP3, ID3 ознаки ........................................................ 35-3
MP3, USB носач на податоци................................... 35-3

## S

SiriusXM™ радио, Општи информации................... 45-1

## W

WMA, работа со ЦД (Општи информации)............. 35-1

## X

ХМ режим на радиото............................................... 45-1
ХМ сериски број, Прикажување............................... 45-1